Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Архивски број: 04-4047/2
Дата: 03-10-2025 Скопје

Numër ark:
Data:

**ДО:** Влада на Република Северна Македонија
-Генерален сектретаријат
Сектор за стратегија,планирање и следење

**Drejtuar**: Qeverisë së Republikës së Maqedonisë se Veriut
- Sekretariati I përgjithshëm-
Sektori për strategji,planifikim dhe monitorim

**Предмет** : Доставување на Нацрт-стратешки план 2026–2028година

**Lënda** : Dorëzimi i Planit Strategjik Draft 2026–2028

**Врска**:Ваш бр.68-8955/1 од 26.09.2025 година

Lidhur me: Shkresa nr. 68-8955/1, datë 26.09.2025

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на Нацрт-стратешки план за 2026-2028 година, Ве известуваме дека Министерството за животна средина и просторно планирање, Ви го доставува бараниот материјал во прилог.

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën tuaj për dorëzimin e Planit Strategjik Draft për vitet 2026–2028, ju njoftojmë se Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, ju dërgon në bashkëngjitje materialin e kërkuar.

Со Почит,

Me Respekt,

МИНИСТЕР/ MINISTËR
Izet Mexhiti

Изготвил/Përgatiti:Afërdita Ajrullahii-Помлад соработник/Bashkëpunëtor i ri
Контролирал/Kontrolloi: Misrete Edipi – Раководител на сектор/ Udhëheqës i sektorit
Одобрил/Aprovoi: Resmi Ejupi -Државен Секретар/Sekretar shtetëror

Прилог: Нацрт-стратешки план за МЖСПП

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ*

## *2026-2028*

Скопје, 2025

# Содржина

1.
1.ВОВЕД....4

1.1 Анализа на состојбата....4
1.1.1 Функционална анализа ....4
1.1.2 SWOT Анализа (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats) ....5
1.1.3 PESTLE Анализа (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Environmental) ....7
1.1.4 Осврт на постигнати резултати во 2024 и 2025 година....8
1.2. Мисија ....10
1.3. Визија ....10
1.4. Задачи и обврски ....10
1.5 Специфичност на Министерството за животна средина и просторно планирање....11
1.6 Структура на органот на државна управа ....15
1.7 Стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028)....18
1.8 Програми ....19
1.8.1 Програма за заштита на животната средина ....19
1.8.2 Програма за просторни планови ....25
1.8.3 Програма за унапредување на животната средина....25
1.8.4 Државен Инспекторат за животна средина. .... ....26
1.8.5 Програмата за децентрализација .... ....26

2. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ....26
2.1 Програма за заштита на животната средина.... 26
2.2 Програма за просторни планови.... 42
2.3 Програма за унапредување на животната средина....44
2.4 ПРОГРАМА ЗА ДРЖАВЕН ИСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ....49
2.5 ПРОГРАМА ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ....51
2.6 Програма Администрација .... 52

3. ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ....54

4.ПРИНЦИП НА ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ....58

5.ПРИНЦИП НА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ....58

6.РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИ ФУНКЦИИ....59

7.РИЗИЦИ....62

7.1 Ризици на ниво на стратешки план....62
7.2 Ризици на ниво на програма....62

## СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ 2026-2028

Почитувани,

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е државен орган кој ги координира и спроведува политиките за животна средина, климатска акција, планирање на просторот како и обезбедување на услови за одржлив развој; управување со отпад, заштита на воздухот, водата, почвата, флората и фауната при тоа обејзбедувајќи мониторинг за следење на состојбата со животната средина. Процесот на утврдување на стратешките и среднорочните цели на Министерството, како и прилагодувањето на постоечките или воведување на нови практики во суштина придонесуваат за посветеност во унапредувањето на животна средина.

Преку постојаното промовирање на политиките за заштитата на животната средина, климатските промени, планирањето на просторот како и развојот според концептот на зелена економија се истакнува ефикасноста и ефективноста на Министерството.

Овие политики се реализираат на државно и на локално ниво, преку соодветни мерки и активности што ги спроведуваат различни субјекти од јавниот и од приватниот сектор.

Соработката со другите институции, кои се повеќе го препознаваат значењето на животната средина и ја наметнуваат потребата заштитата на животната средина и климата да се интегрира во другите секторски политики.

Стратешкиот план на МЖСПП за периодот 2026-2028 година ги дефинира среднорочните цели за следните три години и начинот на нивната реализација со соодветни квантитативни показатели како основни параметри за постигнување на поставените цели кои се во функција на: унапредување на квалитетот на површинските и подземните води и обезбедување на квалитетна вода за пиење; заштитата и следењето на квалитетот на воздухот; следење и намалување на бучавата; управување со отпадот; заштита на почвите и спречување на ерозијата; спречување и намалување на емисиите од индустријата; заштита и одржливо користење на биолошката и пределската разновидност и адекватно управување со заштитените подрачја; планирање на просторот со цел одржливо користење на земјиштето и другите природни и создадени ресурси; институционално јакнење и подигање на свеста за значењето на животната средина за квалитетот на животот и здравјето на луѓето.

Со овој Стратешки план МЖСПП ја докажува својата посветеност кон развивање и спроведување на ефективни политики за животна средина, раководејќи се од еколошките, економските и политичките фактори на национално и меѓународно ниво и применувајќи ги принципите на одржливиот развој.

Со почит,

**Министер за животна средина и просторно планирање**
**IZET MEXHITI**

# 1.Вовед

## 1.1 Анализа на состојбата

Проблемите во животната средина во Република Северна Македонија се слични со оние во другите земји од регионот. Бројните проблеми и недостатоци, идентификувани преку различни проекти, студии и плански документи се евидентни за медиумите и областите на животната средина како што се: недостаток на регионални интегрирани системи за управување со комунален цврст отпад и системи за управување со посебни видови на отпад, вклучувајќи го и опасниот отпад, недоволна покриеност на населените места и општините со системи за собирање и третман на отпадни води (особено за агломерации со над 10.000 жители), потреба од воспоставување на интегрирано управување со речен слив, согласно новиот Закон за води, загаденост на воздухот со различен интензитет во различни делови на земјата, како и контаминираност на почвата што резултира со производство на земјоделски производи со несоодветен квалитет од подрачјата со контаминирани почви.

Посебен проблем кој се однесува на сите медиуми на животната средина, е и недоволно развиениот мониторинг систем на животната средина, со акцент на отсуството на историски податоци врз основа на кои би се утврдила точната состојба на медиумите и би се дејствувало во насока на нивно постапно ублажување и елиминирање.

Отсуството на сеопфатни и сигурни податоци за загадувачките супстанции и загадувачите, отсуството на интегриран пристап во решавањето на проблемите со животната средина, особено во управувањето со водните ресурси и управувањето со отпадот, како и недостигот на капитални инвестиции за финансирање на инфраструктурата во овие области, дополнително ги забавуваат процесите за воспоставување на ефикасен систем за заштита на животната средина во Република Северна Македонија.

Важно е да се истакне дека анализата е изготвена со користење на три главни аналитички алатки:

- **Функционална анализа:** Кој детално ги разгледува внатрешните структури, улогите, оперативните процеси и технологиската инфраструктура.
- **SWOT анализа:** Кој идентификува силните и слабите страни на институцијата, заедно со можностите и заканите кои произлегуваат од надворешната средина.
- **PEST анализа:** Кој ги испитува политичките, економските, социјалните и технолошките фактори, обезбедувајќи контекст за спроведувањето на стратешкиот план.

### 1.1.1 Функционална анализа

**Организациска структура и улоги**

- **Структура:**
  МЖСПП има дефинирана организациска структура со јасно разграничени оддели и улоги.

Сепак, постои простор за оптимизација на комуникациските канали и координацијата помеѓу различните сектори.

- **Капацитет на кадри:**
  Постојат квалификувани и искусни стручњаци, но се забележува потребата за континуирана обука и развој на вештини, посебно во контекст на новите технолошки трендови.
- **Внатрешна комуникација:**
  Иако постојат официјални комуникациски механизми, има недоволна интеракција меѓу одделите, што може да забави донесувањето на одлуки и спроведувањето на мерките.

**Оперативни процеси и технолошка инфраструктура**

- **Процеси и процедури:**
  Постоечките оперативни процеси се дефинирани, но нивната ефикасност е ограничена поради фрагментирани процедури и недостаток на интегрирани системи за следење и известување.
- **Технолошка состојба:**
  Информациската технологија и дигиталните алатки кои се користат се застарени, што ја ограничува можноста за ефикасно управување со податоци и мониторинг на проектите. Потребна е модернизација и дигитална трансформација.

**Финансиски ресурси**

- **Буџетска рамка:**
  Распоредбата на финансиски средства е ограничена, а постојат буџетски притисоци кои можат да го забават спроведувањето на новите иницијативи.
- **Финансиски предизвици:**
  Недостатокот на средства е еден од главните предизвици, што го отежнува обезбедувањето на нови проекти и иновативни решенија.

### 1.1.2 SWOT Анализа (Strengths, Weaknesses, Opportunities and Treats)

SWOT анализата е алатка за стратешко планирање. Се користи за процена на предностите и слабостите како внатрешни фактори и можностите и заканите како надворешни фактори што влијаат врз Министерството за животна средина и просторно планирање.

**SWOT Анализа**

| ПРЕДНОСТИ | СЛАБОСТИ |
|---|---|
| ▪ Стратешка визија и дефинирани цели:<br>Јасно дефинирани стратешки приоритети за заштита на животната средина и просторно планирање; ефикасно и ефективно донесување ad-hoc одлуки од страна на највисокото раководството;<br>▪ Квалификуван кадар:<br>Присуство на искусни професионалци кои го | • Ограничени финансиски средства:<br>Недостатокот на средства ја забавува имплементацијата на стратешките мерки.<br>• **Недостаток на човечки ресурси во одредени сектори:** ; одлив на стручни кадри од Министерството во други институции и во приватниот сектор; непополнети раководни позиции (раководители на сектори и |

| | |
|---|---|
| знаат секторот; посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>▪ **Законска и институционална рамка:** Постојат утврдени закони, меѓународни стандарди и договори кои ја поддржуваат имплементацијата; подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации; соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со регулативата на ЕУ и одлична примена на правото во сите работни процеси; спроведување контрола на регуларноста на управните постапки во рамките на Министерството;<br>▪ **Меѓународна и донаторска поддршка:** Активна соработка со донатори и партнерски институции обезбедува дополнителни ресурси и експертиза<br>▪ Меѓународна и донаторска поддршка: Активна соработка со донатори и партнерски институции обезбедува дополнителни ресурси и експертиза | одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувањата и одговорностите за одредени активности во работењето на Министерството; недоволен број на потребни обуки во земјата и странство за надградување на вработените; непополнети работни позиции, немање на соодветна поделба на должности.<br>• **Бавни оперативни процеси:** Фрагментирана внатрешна комуникација и процеси што не овозможуваат брза реакција.<br>• **Остарена технолошка инфраструктура:** Потреба од модернизација на информациските системи за подобрување на управувањето и мониторингот.<br>• **Недоволна координација:** Пречки во соработката меѓу одделите што може да доведе до неефикасно донесување одлуки.<br>• |
| МОЖНОСТИ | ОПАСНОСТИ |
| ▪ **Привлекување дополнителни средства:** Можност за воспоставување на јавни-частни партнерства и пристап до меѓународни фондови.<br>▪ **Интеграција на иновативни технологии:** Воведување на модерни дигитални алатки и зелени технологии кои ќе го подобрат оперативното работење.<br>▪ **Зголемување на јавната свест:** Растечкиот интерес на јавноста за одржлив развој може да обезбеди поддршка за нови иницијативи.<br>▪ **Стратешки партнерства:** Засилување на соработката со академските институции, невладините организации и приватниот сектор.<br>▪ **Човечки ресурси:** соодветна прераспределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација, како и меѓуресорски трансфери на дел од вработените за да можат да дадат поголем придонес; надградба и усовршување на вработените преку генерички и специјализирани обуки во земјата и странство; да се направат упатства, водичи за службените лица, да им помогне во нивната секојдневна работа и исполнување на обврските. | ▪ **Политички и економски нестабилности:**<br>▪ Промени во политичката сцена и економските услови може да ја намалат поддршката и финансирањето.<br>▪ **• Административни бариери:**<br>▪ Внатрешни и надворешни пречки кои може да го забават спроведувањето на мерките; одлив на стручни кадри во други институции и заминување во пензија и ненавремено пополнување на работните места со нововработени кои ќе ги преземат знаењето и искуството од тие што заминуваат; недоволно динамичен развој на човечките ресурси согласно модерните европски трендови<br>▪ **• Еколошки непредвидливости:** непредвидени ситуации; Природни катастрофи и климатски промени што бараат брзи и адаптивни одговори.<br>▪ **• Социјални и културни предрасуди:**<br>▪ Традиционалните ставови и културните бариери може да ограничат прифаќањето на новите мерки. |

| | |
|---|---|
| | |

### 1.1.3 PESTLE Анализа (Political, Economic, Social, Technological, Legal and Enviromental)

| ПОЛИТИЧКИ ФАКТОРИ | ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ | СОЦИО-КУЛТУРНИ ФАКТОРИ |
|---|---|---|
| ▪ Политичка стабилност и волја:<br>Поддршката од државата и политичката стабилност се критични за континуитетот на проектите; стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Северна Македонија; извештаите на ЕК за напредокот на РСМ, коишто претставуваат важна рамка за насоките за работата на Министерството<br>▪ Законодавна рамка:<br>Постоечките закони и регулативи, како и меѓународните конвенции, обезбедуваат основа за спроведување на стратешкиот план.<br>▪ Институционални соработки:<br>Врските со други државни и локални институции, како и со донаторски организации, обезбедуваат дополнителни ресурси; | ▪ Буџетска распределба:<br>Ограничените финансиерки средства и буџетските притисоци влијаат врз спроведувањето на проектите;<br>▪ Макроекономски услови:<br>Глобалните и локалните економски трендови, вклучувајќи ги инфлацијата и економската стабилност, имаат директно влијание врз инвестициите; редизајнирањето на буџетската политика и фискална консолидација, коишто се во насока на поддршка на макроекономската стабилност, забрзување на економскиот раст, а со тоа и зајакнување на потенцијалот за раст на домашната економија; економска стабилност и закрепнување во периодот после пандемијата КОВИД-19.<br>▪ Привлекување на инвеститори:<br>Можност за воспоставување на јавни-частни партнерства и соработка со приватниот сектор за дополнително финансирање; | ▪ Јавна свест и образовни програми:<br>Растечкиот интерес и свест на граѓаните за одржлив развој обезбедуваат поддршка за новите мерки; информирањето на медиумите за работењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.<br>▪ Социјални очекувања:<br>Потребата за транспарентност, отчетност и активно учество на локалните заедници; влијанието на граѓанскиот сектор<br>▪ Културни фактори:<br>Традиционалните ставови и културните очекувања може да влијаат на прифаќањето и имплементацијата на иновативните мерки.<br>▪ Демографски промени:<br>Промените во демографските карактеристики влијаат врз приоритетите и потребите на јавноста. |
| **ТЕХНОЛОШКИ ФАКТОРИ** | **ПРАВНИ ФАКТОРИ** | **ЕКОЛОШКИ ФАКТОРИ** |
| **-Инфраструктура и иновации:**<br>Нивото на развој на технолошката инфраструктура и можностите за имплементација на иновативни технологии.<br><br>**-Дигитална трансформација:**<br>Примена на модерни информациски системи и дигитални платформи за подобрување на управувањето и мониторингот; подобрување на веб-страница на Министерството | ▪ општи законски и подзаконски акти;<br>▪ закон за заштиа на животната средина;<br>▪ меѓународни договори (билатерални и мултилатерални), како и други активности на меѓународно | ▪ климатските промени;<br>обврската за заштита на животната средина и воведување стандарди за нејзина заштита. |

| | | |
|---|---|---|
| (висококвалитетен портал кој ќе овозможи пристап до сите информации во ингеренција на МЖСПП).<br><br>**-Истражување и развој:**<br>Потенцијалот за соработка со академските институции за развој на нови технологии и методологи од аспект на повеќе области со што директно се придонесува за подобрување на квалието на живот на населението; | | |

### 1.1.3 Осврт на постигнати резултати во 2024 и 2025 година

**Квалитет на воздух**

- Континуирано одржување и модернизација на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот (ДАМСКАВ);
  Реализиран е проектот за набавка на анализатори финансиран од ИПА 2 програмата, со што се заврши процесот на замена на застарените мерни инструменти во мониторинг станиците во Скопје (Карпош, Центар, Лисиче, Гази Баба) и во Лазарополе. Во рамките на овој проект набавени се вкупно 27 анализатори (4 – PM10, 4 – PM2.5, 4 – $SO_2$, 4 – $O_3$, 6 – NO, $NO_2$, NOx, 5 – CO), 2 ниско волуменски уреди за земање на примероци, 1 високо волуменски уред за земање примероци и 7 сета за мерење на метеоролошки параметри. Во тек се подготвителни активности за поставување на мониторинг станица во Штип, со што ќе се финализира процесот на проширување на државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух.
- Во тек е изработка на нов портал и мобилна апликација за прикажување на податоците од ДАМСКАВ
- Изработка на национален инвентар на емисии во воздух и информативен извештај за инвентарот за период 1999-2022 и за период 1999-2023 година согласно ЕМЕП методологија со цел исполнување на барањата на Конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето – CLRTAP.
- Преглед и одобрување на плановите за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општините: Охрид, Струга, Прилеп, Штип, Велес и Гевгелија. Изработката на Плановите за квалитет на воздух е обврска на ЕЛС, но заради недоволните административни капацитети на општините, а значајноста од дефинирање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и нивна имплементација на локално ниво, Министерството ја финансираше изработката на плановите преку програмата за инвестиции во животната средина.
- Со поддршка на Светска Банка се изработија следните извештаии:
  - Институционална и функционална анализа за управување со квалитетот на воздухот во Северна Македонија
  - Оценка на квалитетот на воздухот во Битола, Кичево и Кочани

- Со поддршка на Шведска Влада во рамките на проектот „Справување со загадувањето на воздухот“ имплементиран од страна на УНДП во оппштините Куманово, Струга, Струмица, Гостивар и Кавадарци спроведени следните активности:
    - o Мониторинг на квалитетот на воздухот во петте општини со времетраење од 1 година во период март 2023 до април 2024 година
    - o Изработка на Студии за утврдување на изворите на загадување на воздухот за петте општини, со употреба на рецепторно модлирање.
    - o Изработка на нов план за квалитет на воздух за Струмица и се ажурирање на плановите за Куманово, Кавадарци, Гостивар и Струга. Плановите се во фаза на усвојување од страна на Советите на општините, поточно во фаза на обезбедување на согласност од МЖСПП и Министерство за здравство.
- Во рамките на Регионалниот проект за подобрување на квалитет на воздух во Западен Балкан, финасисран од Шведската Влада се изготви Каталог на мерки за намалување на загадувањето на воздухот, кој содржи примери на ефикасни мерки спроведени во други држави и кој може да помогне при селекција на соодветни и ефикасни мерки за намалување на загадувањето на воздухот
- Во рамките на Проектот „ЕУ за чист воздух“, финансиран од ИПА3 програмата со буџет од 10 милиони евра а имплементиран од страна на УНОПС се спроведуваат следните активности:
    - o Промена на системите за греење на јавните згради во четири општини (Скопје, Битола, Тетово и Велес). За дел од објектите замената е завршена, а за останатите сеуште е во тек.
    - o Набавка на еколошки автобуси за поддршка на јавниот превоз во Скопје. Шест автобуси се испорачани во ноември 2024 година и истите се во употреба во јавниот гратски превоз во Скопје
    - o Засадување на зелен појас во четирите општини. Голем дел од набавените садници се засадени на одредените локации во соработка со општините
    - o Изработена е техничка спецификација за набавка на опрема за мониторинг на квалитет на воздух (инструменти за мерење на BTX, микроаналитичка вага и ICP MS – инструмент за одредување на концентрации на тешки метали во воздух), спроведена е тендерска постапка и се очекува испорака на опремата до крајот на август 2025 година
    - o Изработка на студија за проширување на парното греење во Скопје.

**Национален информативен систем за животна средина**

- Воспоставен Национален информативен систем за животна средина (NEIS), кој е во почетна фаза на собирање на пилот податоци од поголеми индустриски капацитети

**Собирање, обработка и анализа на податоци за животната средина**

- Континуирано собирање, обработување и известување на податоци и информации за состојбата и медиумите во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад;
- Подготвени се индикатори за состојбата во животната средина за 2024 година и Статистика на животната средина за 2024 година – публикација која се подготвува во соработка со Државниот завод за статистика;
- Подготвен е годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2024 година

**Катастар на загадувачи на животна средина**

- Континуирано собирање, обработување и известување на податоци и информации добиени од мониторинг-мрежата на идустриските субјекти за емисии во медиумите на животната средина и областите – (воздух, води и бучава);
- Преку програмата за инвестиции во животната средина, Министерството обезбеди подршка за изработка на катастар на загадувачи на воздух за подрачјето на општините Струмица, Битола, Пробиштип, Крива Паланка, Делчево, Дебар и Свети Николе во период јануари 2024-јули 2025 година.

**Во рамки на обврските поврзани со климатската акција и во согласност со Зелената агенда и Планот за раст**, Министерството презеде следниве значајни активности;

- Изработка финален драфт на Закон за климатска акција
  24 мислења вградени забелешки;
- Изработен Нацрт-Акциски план за зелена Агенда според Софиската декларација;
- Иницирање на проектни Активности за:
  Изработка на I двогодишен извештај за транспарентност;
  Изработка и ревизија на НДС 3.0 –

**Тековни Активности за 2025 година во рамки на климатска Акција**

- Усвојување на Закон за климатска акција, (2020-04/2025 година,Активна).

-Започнато со Изготвување на приоритетни подзаконски акти во согласност со Акцискиот план за спроведување на Законот за климатска акција и Планот за раст) а) Определување на категориите на активности за кои се потребни дозволи за емисија на стакленички гасови и емитираните стакленички гасови

б) Методологија за подготовка на планови за мониторинг(започнато);

в) Методологија за подготовка на годишни извештаи за емисии(започнато);

г) Формата и деталната содржина на барањето за дозвола за емисија на стакленички гасови, како и постапката за поднесување на барањето и придружната документација(започнато);

д) Правилник за деталната постапка за издавање дозволи, вклучувајќи ја содржината и форматот на дозволите(започнато);

f) Методологија за верификација на годишните извештаи за емисии(планирано)

- Вклучување на адаптацијата на најранливите сектори кон климатските промени во Законот за климатски промени( завршено вклучено во закон за климатска акција, не е усвоен)
- Развој на Национален план за адаптација кон климатските промени (НАП).
- Подготовка на NDC 3.0 (2025 година, започната)
- Ревизија на Интегрираниот национален енергетски и клчиматски план во соработка со други институции и подршка од меѓународни партнери.(во тек, треба да заврши 04/2025)

-Активности за развој на национален план за адаптација кон климатските промени (НАП),

Разработен концептот за НАП (започнат)

**Во рамки на Програмата за управување со води (2024)**

Во текот на 2024 година, Министерството за животна средина и просторно планирање учествуваше во реализацијата на значаен број проекти поврзани со управувањето со водни ресурси, зајакнување на отпорноста на поплави и подобрување на инфраструктурата за водоснабдување.

**Реализирани проекти:**

-Подобрување на отпорноста од поплави во Полошкиот регион (Финансиран од УНДП и Швајцарската агенција за развој
-Проектот ARSINOE (CLIMATE RESILIENT REGIONS THROUGH SYSTEMIC SOLUTIONS AND INNOVATIONS) – Климатски одржливи региони преку системски решенија и иновацииЕвропски проект за климатски одржливи региони преку иновации и системски решенија
-Регионален ИПА проект на ЕУ Превенција од поплави и управување со ризик од шумски пожари во Западен Балкан и Турција Превенција од поплави и управување со шумски пожари (Западен Балкан и Турција)
- Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) одобри нов проект „Имплементација од Стратешкиот акционен план во сливот на реката Дрим за зајакнување на прекуграничната соработка и овозможување интегрирано управување со водните ресурси"

**Тековни проекти:**

**-**УНДП/GWP-Med Регионален проект „Интегрирано управување со меѓународен ризик од поплави предизвикани од климатски промени во Сливот на Дрим во Западен Балкан"
-Проект „Програма за управување, користење и заштита на подземните води во Северна Македонија (GWP)"
- EU4GREEN - Општата цел на проектот е промовирање на Зелената агенда за Западен Балкан. Компонента за води има за цел обуки за UWWTD, Nitrate, Monitoring.
- INTERREG EUROPE PROJECT "Одржливо управување со водите" (SUSTAQUA project)
- "Interreg EuroMed Project ""Resilience in Desertification and Drought for Mediterranean (REDEEM)""
-ЕИБ заем за директна финансиска поддршка на општините во Република С. Македонија за реализација на проекти за подобрување на водоводната инфраструктура.

**EU ИПА проекти во тек:**

-EU4Prespa(Една од проектните активности се инвестиции во собирање и третман на отпадни води и модерно управување со отпадните води, кои се очекува значително да го намалат нивото на загаденост на езерото;
- ИПА Проект „Подобрена имплементација на Директивата за поплави во ЕУ преку хармонизација на националното законодавство и подготовка на планови за управување со ризици од поплави";
- IPA project "Future Support to the Implementation of Reforms in the Water Sector and the New Tariff Setting Methodology for Water".

**Во рамки на Програмата за просторно планирање** -Динамиката на изработка на ППРСМ е регулирана со Акциски план усвоен од Влада на РСМ, согласно која во 2024 и 2025 се изработува Нацрт ППРСМ и до крај на 2025 треба да се предаде, по што во 2026 година следува ревизија и јавна расправа и усвојување на истиот од страна на Собрание на РСМ, па во период од 2027-2028 следува изработка на Предлог ППРСМ.
-активностите се во тек за реализација на изработка на ППРСМ 2021-2040

**Осврт на постигнатите резултати на Секторот за природа (2024–2025**) Сектор за природа при Управа за животна средина во периодот од 2024-2025 година продолжи со понатамошно унапредување на националната легислатива за заштита на природата преку спроведувањње на постапки за прогласување на заштитени подрачја и природни реткости, валоризација на природнотоналседство и изработка на планови за управување со заштитени подрачја. Значаен напредок е забележан во процесот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ од областа на заштита на природата, пред се во имплементацијата на ЕУ Директивите за живеалишта и птици, односно идентификација на погодни подрачја за Европската еколошка мрежа Натура 2000. Исто така беа зајакнати администартивните капацитети на централно и локално ниво преку одржување на

обуки, тренинзи и семинари за НАТУРА 2000 и ЦИТЕС и за други прашања од областа на заштита на природата. Подобрено е финасирањето на националните паркови од Буџетот на МЖСПП.

Во периодот од 2024-2025 година беа спроведени следните активности:

-Изготвен е Нацрт-Закон за природа, со кој целосно се транспонирани барањата од ЕУ мерките 31992L0043 и 32009L0147

-Изработен е Нацрт-Закон за прекугранично движење и трговија со диви животни со нацрт подзаконски акти.

-Изготен е Нацрт-Закон за прогласувае на Маврово за национален парк

-Прогласени се две природни реткости и тоа палеонтолошки локалитет -Змијовец и локалитет Дувало-Косел, додека за локалитет Болован постапката за прогласување на природна реткост е во тек

-Изготвени се Предлог-листа на строго заштитени диви видови и Предлог-листа на заштитени диви видови во Република Северна Македонија (РСМ)

-Изготвена е Предлог- листа на инвазивни видови во РСМ во согласност со ЕУ Регулативата 1143/2014 на Европскиот Парламент за превенција и справување со внесување и ширење на инвазивни видови (IAS Regulation).

-МЖСПП водеше постапки за прогласување на Белчишко Блато и Катлановски предел/Долна Пчиња за заштитени подрачја

-Со обезбеден буџет од МЖПП како и донатори изработена е ревизија/Дополна на Студија за ревлаоризација за заштитено подрачје НП Маврово која е основа за продолжување на постапката за репрогласување на НП Маврово

-Изготвен е инвентар/база на податоци за живеалишта, видови и птици од ЕУ значење од десктоп и теренски истражувања.

-Во насока на имплементација на ЕУ Директивата за живеалишта во РСМ изготвени се Нацрт-акционен план за конзервација на ридската желка (Testudo hermanni), Нацрт-Акциски план за зачувување на кафеавата мечка (Ursus arctos) и Нацрт-Акционен план за конзервација на локалитети со шумско мочуриште (91D0*) од прилог I на ЕУ директива за живеалишта. Извршена е ревизија и дополнување на Каталогот на живеалишта

-Извршена е идентификација на потенцијални подрачја за еколошка мрежа Натура 2000 и изготвени се Стандардни формулари на податоци (СДФ) за Натура 2000 на национално ниво. Извршено е ажурирање на веб страната за НАТУРА 2000

-Направено е мапирање и оценка на статус на спелеолошки локалитети на национално ниво како идни Натура 2000 подрачја

-Во насока на зајакнување на националните капацитети за имплементација на ЕУ Директивите за живеалишта и птици и Регулативата за ЦИТЕС одржани се тренинг обуки со засегнати страни за различни прашања за Натура 2000 и ЦИТЕС . Во насока на подигнување на јавната свест за значењето на Натура 2000 и ЦИТЕС изработени се промотивни материјали, Web страна и фејсбук за Натура 2000 и ЦИТЕС

-Реализирана е TAIEX експертска мисија за посета на фарми за желки во РСМ

-Обезбедени се финансиски средства од Буџетот на МЖСПП за јавните установи НП Пелистер, НП Галичица, НП Маврово и НП Шар Планина со цел спроведување на проекти со конкретни цели за мониторинг на живеалишта и видови, развој на екотуризам и подигнување на јавна свест.
-Фондот за природа Преспа-Охрид (ПОНТ) покрај во заштитените подрачја (НП Пелистер, НП Галичица, СП Преспанско Езеро и Парк на природа Езерани) со своите активности се прошири во Охридскиот регион, конкретно за Споменик на природа Вевчански Извори. Исто така ПОНТ ги прошири своите активности во Национален парк Шар Планина и Национален парк Маврово.
-Започна проектот: Поддршка на Северна Македонија во пристапот во ЕУ на полето на животната средина и природа Проектот има 2 комоненти за ЕУ и природа во соработка со Шведска агенција за животна средина
-Учество во преговори за потпишување на договор за ЕУ ЛИФЕ Проект “Кохерентни активности за градење на национални капацитети за LIFE програмите во Северна Македонија”
-Се следи процесот на изработка на Студија за валоризација на природните вредности на масивот Јабланица
-Се следи процесот на изработка на Стратегија и едукативна програма за Зоолошки градини
-Релизирана мисија на Рамсарска конвецнија за Преспа регион
-Подготовка на позиции на нашата земја за COP20 CITES
-Подготовка на позиции на нашата земја за COP15 Ramsar
-Организирање на регионална работилница за акциски план за балкански рис
-Учество на активиности за Стратешки акциски план за Преспа регион
-Учество на координативни состаноци за проктот: ЕУ за Преспа
-Координативни состаноци во врска со изработка на Студија за валоризација на природните вредности на Демиркаписка Клисура
-Реализирање на теренски настан за поставување на електрична ограда за заштита од крупни зверови (мечка и волк) на 5 фармери/локации во НП Шар Планина и др.

## 1.2. Мисија

Приоритетите на министерството е да создава предуслови за спречување и контрола на загадувањето, мониторинг на квалитетот на медиумите во животната средина, интегрирање на заштитата на животната средина и климата во другите секторски политики и подигање на свеста на населението. Унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатките промени.

## 1.3. Визија

Министерството за животна средина и просторно планирање гради и промовира политики во согласност со стандардите на Европската Унија, кои ќе обезбедат ефикасно користење на ресурсите по принципите на одржлив развој, воведување на ниско-јаглероден развој се со цел обезбдување и осигурување на здрава и квалитетна животна средина на населението.

## 1.4. Задачи и обврски

**Министерството за животна средина ги врши работите што се однесуваат на:**

- Подготовка и спроведување политики, законодавство и програми согласно со стандардите на ЕУ и НАТО, спроведување на обврски од меѓународни конвенции и договори;
- Управување со националниот информативен систем за животна средина со вклучена геопросторна функционалност, со податоци за животната средина и информирање на јавноста за состојбата во животната средина;
- Планирање на просторот: спроведување на постапки за донесување на просторни планови на национално и регионално ниво;
- Управување со води: планирање, издавање на дозволи за користење, испуштање на отпади води итн;
- Управување со отпадот: планирање на системи за управување со различни видови/текови на отпад, издавање на дозволи за увоз/извоз, транзит и постапување со отпад во земјата;
- Контрола на индустриски емисии и справување со ризици: издавање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативни планови;
- Заштита на природата: планирање, спроведување на процеси за прогласување на заштитени подрачја, издавање на мислења во управни и други постапки, генетски модифицирани организми итн;
- Управувавање со климатските промени: анализи и планирање, интегрирање на политиките за намалени климатски промени во останатите сектори политики, известување согласно обврските од ратификувани конвенции и договори;
- Управување со воздухот: мониторинг на квалитет на амбиентен воздух, инвентари на емисии, моделирање, подготовка на плански документи, известување согласно обврските од ратификувани конвенции и договори
- Соработка со ЕЛС преку вршење на надзор за спроведувањето на законодавството за животна средина и давање на препораки на локално ниво;
- Спроведување на казнена политика за сторители на прекршоци од областа на животната средина согласно правилно водење на прекршочна постапка од страна на државни и локални инспектори за животна средина;
- Инвестиции во животната средина во областа на водите, отпадот, природата и итн;
- Подигање на јавната свест, вклучување на јавноста во процесот на одлучување и едукација.

### 1.5. Специфичност на Министерството за животна средина и просторно планирање

Оваа мисија се реализира преку:

- Воспоставување на добар статус на водите преку соодветно управување со површинските и подземните води;
- Воспоставување на самоодржливи регионални системи за управување со комунален отпад, постигнување на националните цели за рециклирање на посебните текови на отпад (пакување, батерии и акумулатори, електрична и електронска опрема, искористени возила, отпадни гуми, отпадни масла итн.), соодветно постапување со опасниот отпад, вклучувајќи го и медицинскиот отпад;
- Создавање на предуслови за ублажување и адаптација на климатските промени и заштита на озонскиот слој;

- Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух преку спроведување на мерки предвидени во стратешките и планските документи
- Зајакнување на управувањето со заштитените подрачја, адекватна конзервација на живеалиштата и постигнување на добар статус на зачуваност на растителните и животинските видови;
- Управување со ризици од хаварии и технолошки катастрофи;
- Санација и рекултивација на индустриските жаришта;
- Управување со статистички податоци за животната средина добиени од националните и локалните мрежи за мониторинг на водите, воздухот, бучавата и почвите;
- Спроведување на кампањи за подигање на свеста за приоритетни теми поврзани со животната средина и климата.
-

## 1.6. Структура на органот на државна управа (планирани промени)

### Односи со органите во состав

Органи во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање се:

- Служба за просторен информативен систем
- Управа за животна средина
- Државен испекторат за животна средина

Министерството за животна средина и просторно планирање е поставено во насока на креирање на политики од областа на животната средина, додека стручните работи во областа на животната средина се спроведуваат од страна на Управата за животна средина и Службата за просторен информативен систем, кои се органи во состав на МЖСПП. Инспекторатот за животна средина има клучна улога во спроведувањето на законите и прописите за заштита на животната средина. Неговите главни задачи и обврски вклучуваат:Надзор и контрола;Издавање и одземање дозволи;Превенција и санкции; Истражување и извештаи; Едукација и соработка.

Во овој контекст, надлежностите на МЖСПП во однос на органите во состав се поделени на функција на развивање на политиките што ги врши МЖСПП и регулаторната функција што ја вршат органите во состав.

Управата е надлежен орган кој ги спроведува постапките на издавање дозволи и согласности, а особено постапките на оцена на влијанието врз животната средина, интегрирано спречување и контрола на загадувањето, спречувањето и контрола на хавариите со присутво на опасни супстанции, управувањето со отпад и квалитетот на воздухот, управувањето со водите, заштита на природата од загадување. Воедно, во Управата за животна средина се спроведуваат стручни и управни работи кои се однесуваат за заштита на природата, стручни работи во управувањето со отпадот, стручни работи во управувањето со водите, воздухот, хемикалиите, бучавата и другите области на животната средина, стручни работи за заштита на почвите од загадување, водење на Катастарот за животната средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики, мониторинг на животната средина и други работи согласно законот.

Органограм на Министерството за животна средина




Органи во состав на Министерството

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**



## 1.7 Стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија (2024-2028)

- Создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени

За остварување на владиниот стратешкиот приоритет се утврдени следните цели:

-градење на водоводни и канализациски системи во сите населени места низ земјата

-заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси со воспоставен механизам за наплата на екосистемски услуги и

-подобрување на квалитетот на медиумите во животната средина и спроведувањето на политиките за просторно планирање.

Министерството за животна средина и просторно планирање, во рамките на своите законски надлежности, презема мерки и активности што придонесуваат за реализација на предвидените стратешки приоритети, дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- Подобрување на квалитетот на медиумите во животната средина, управување со водите и отпадот;
- Подобрување на квалитетот на хуманото планирање, уредување и одржливо искористување на просторот и природните богатства;
- Зајакнување на контролата и спречување на недозволена трговија со радиоактивни материјали;
- Спроведување на интегрирање на политиката за животна средина и просторно планирање во останатите секторски политики преку спроведување на постапката за стратешка оцена на влијанија на стратегии, планови и програми врз животната средина (СОВ), спроведување на постапка за Оценка на влијание врз животна средина (ЕИА);
- Усогласување на законската легислатива со барањата ЕУ;
- Вложување во зелена економија и креирање на зелени работни места;
- Зголемување на јавна свест и едукација на населението од областа на животната средина и реализација на кампањи од областа на животната средина;
- Унапредување на меѓународната соработка преку спроведување на билатерални договори и иницирање на нови, зајакнување на регионалната соработка и исполнување на обврски од мултилатерални договори;
- Поставување на законска и долгорочна стратешка рамка за управување со климатските промени во согласност со енергетскиот и климатски пакет на ЕУ 2030 со визија до 2050 Green Growth Strategy;

## 1.8 Прогами

1. **Заштита на животна средина**
   Потпрограма Управување и заштита на води
   Потпрограма Квалитет на воздух
   Потпрограма Третман на отпадни води
   Потпрограма Управување со отпад
   Потпрограма Заштита на природата
   Потпрограма Дојранско Езеро
2. **Просторни Планови**
   Потпрограма просторни планови
3. **Унапредување на животната средина**
   Потпрограма Унапредување на животната средина
4. **ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
   Потпрограма Државен испекторат за животна средина
5. **ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА**
   Инфраструктурни проекти во општините
6. **АДМИНИСТРАЦИЈА**
   Администрација

### 1.8.1 **Заштита на животната средина**

Во рамките на оваа Програма се извршуваат активности за:

## ➢ *Управување и заштита на води*

